Research & Consulting Center
PETER F. DRUCKER

ВЕНЕРА

# ЛОНДОН 2012

Четири годишен проект на
НВО Хуманитарна организација “Венера“
Во партнерство со Истражувачки и
консалтинг центар “Питер Ф. Дракер“

Скопје 2009

# Основни податоци

| | | |
|---|---|---|
| **Проект** | Лондон 2012 | |
| **Организација** | НВО Хуманитарна организација “Венера“ - Прилеп | |
| **Адреса** | Кеј 9-ти Септември бр. 1/1 Прилеп | |
| **Претставник** | Драган Ванчоски (Претседател) | |
| **Телефон<br>Е-маил<br>Веб** | контакт лице: **Миле Стојкоски**<br>070/590-472<br>contact@milestojkoski.com<br>www.milestojkoski.com<br>www.venera.org.mk<br>контакт лице: **Владимир Пандовски**<br>071/729-725<br>v.pandovski@peter-drucker.org<br>www.peter-drucker.org<br>www.nuvo.mk | |
| **Проектен тим** | **Проект координатор:** Миле Стојкоски<br>**Проект асистент:** Драган Ванчоски<br>**Логистичка подршка:**<br>- Владимир Пандовски (менаџирање на човечки ресурси)<br>- Далибор Димитровски (администрација)<br>- Даниел Ангеловски (ИТ подршка)<br>- Александар Станоевски (возач)<br>- Горан Тасески (физиотерапевт)<br>- Жаклина Стојкоска (нутриционист)<br>- Билјана Стојкоска (снимател) | |
| **Временска рамка** | 40 месеци (01 Мај 2009 г. - 15 Септември 2012 г.) | |
| **Инволвирани партнери** | НВО Хуманитарна организација “Венера“<br>ИКЦ “Питер Ф. Дракер“ | |
| **Банкови детали** | **Сопственик на с-ка:** Х.О. “Венера“ Прилеп | **Е.Д.Б. : 4021003138765** |
| | **Девизна с-ка:** SWIFT: KOBSMK2XPRB IBAN/ MK 07300701002153561 | **Банка:** Комерцијална Банка АД Скопје – Филијала Прилеп |
| | **Денарска с-ка:** 300020000285215 | **Банка:** Комерцијална Банка АД Скопје – Филијала Прилеп |

## 1. Генерален опис

Лондон 2012

Хендикепот на светско рамниште се погласно и повидно се третира како прашање на човекови права и обврски, а во тој контекст се и заложбите на глобално ниво за конечно и целосно изедначување на условите и можностите кои им се даваат на ваквите луѓе, во споредба со оние што им се дадени на останатите членови на општествената заедница, нивно прифаќање како рамноправни сограѓани и целосно и активно вклучување во сите опшествени сфери.

Во ваков генерален и глобален амбиент, треба да се изнајде идеално решение кое како главна задача ќе има промовирање на ваквите луѓе и нивните потреби. Затоа како резултат на нашата желба за вклучување во заложбите за целосно изедначување на тие услови и можности и реализација на тоа идеално решение на светско ниво, ние си дадовме за цел да организираме нешто кое истовремено ќе биде претставување и афирмација на инвалидизираните луѓе, а воедно и една голема и универзална порака за мир за кое сме убедени дека со нашата упорност и желба ќе успееме и ќе ја постигнеме целта.

Проектот “Лондон 2012“ е иницијатива на Миле Стојкоски, инвалдилизиран човек кој со својот голем ентузијазам и посветеност со целата своја сила се бори и се труди во името на сите инвадилизирани лица да го привлече светското внимание и на тој начин да помогне. Инспириран од својата животна приказна и од своето искуство знаејќи со какви проблеми се среќаваат лицата како него уверени сме дека ке успееме во овој проект и дека ќе стигне до секој кој се наоѓа себе си во него.

Миле Стојкоски својата борба ја започна уште на ЛОИ 2004 Атина кога со својата инвалидска количка помина 704 км и тој самиот со својата упорност и желба стигна пред портите на стадионот. Во 2007 г. заедно со неговиот тим и малкуте ресурси на располагање го отпочна патувањето низ цела Азија за да стигне до ЛОИ во Пекинг 2008 г. На ова патување успеа да помине 3.000 км до Дамаск (Сирија) и на големо разочарување на тимот, поради различни фактори (визи и финансии), патувањето не продолжи до крај. Но македонската и светската јавност покажа дека нејзината подршка за визијата и напорите на г-ин Стојкоски е огромна и дека секој Македонец е горд за тоа што е постигнато и очекувањата за понатаму се големи. Јавноста едногласно упати порака до г-ин Стојкоски на секоја средба со него, на секој медиум, со писма, со пораки, со секое ракување на улица, дека сакаме да продолжи со неговиот ангажман и енергија, да стигне на Летните олимписки игри во Лондон во 2012 година. Тоа ќе биде голем успех за Македонија и затоа проектот “Лондон 2012“ е отпочнат!

Олимпијадата во Лондон почнува на 27 Јули 2012 г. и нашиот тим 3 месеци пред тој датум ќе помине 3.000 км низ 6 европски држави за да ја промовира Мкедонија како дел од Европа кој има хумани погледи и разбирање за подобрување на животот на лицата со хендикеп. Покрај маратонот на Миле Стојкоски со неговата количка како една мотивација и демонстрирање на нашата иницијативност за подобрување на сегашноста, нашите посети во европските градови со институции, организации, компании и поединци ќе овозможат помош за формирање фонд за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните со хендикеп во Македонија. Важен дел од приближувањето на Македонија кон Европската Унија е и подобрувањето на квалитетот на живот на лицата со хендикеп социјално, економски и здравствено како што е тоа во сите развиени европски држави. Проектот “Лондон 2012“ е нашиот придонес за оваа визија да стане реалност за нашите сограѓани, пријатели, роднини, соработници, родители и наши деца кои се соочуваат со тешкото секојдневие на животот како лица со хендикеп.

## 2. Заинтересирани страни 

Хуманоста и моќта за која ние се бориме може да се види преку големината на нашиот проект и нашите заложби и ветувања. Нормално е дека најзаинтересирани ќе бидат лицата за кои е изготвен. Популацијата на лицата со инвалидитет во светот за чија иднина и ќе биде реализиран, без разлика на нивната расна и верска припадност. Нивен соодветен третман и нивно активно вклучување во сите општествени сфери во кои живее и нормалниот човек. Исто така најважно во овој проект е дека ќе бидат вклучени сите граѓани кои мислат и чувствуваат дека се способни за ова и дека нивното присуство и професионалност ќе бидат од голема корист.

Преку нашите презентации и промоции во овој проект сигурни сме дека заинтересираноста ќе биде голема. Затоа што ова не е само идеја ставена на хартија, туку сме сигурни дека нашата хумана замисла ќе успее.

Ние сме горди на нашата традиционална соработка со бизнис секторот во рамките на програмите за општествена одговорност на претпријатијата. Компаниите кои сакаат да бидат спонзори и помагатели на ова патување можат да се вклучат финансиски, технички, логистички, медиумски или на било кој начин за кој тие сметаат дека ќе биде придонес. Веруваме дека нивната практичност и желба за освојување на европските пазари ќе значи и нивна инвестиција во ова патување, а со тоа и нивна промоција како успешни македонски компании низ Европа.

Особено ни е потребна поддршката на државните институции во Македонија за ова патување да се реализира. Поддршката која ќе ја имаме од институциите ќе биде индикатор за нашата сериозност и потенцијали да бидеме дел од европското семејство. Сите наши европски контакти во патувањето би сведочеле за улогата на нашите институции во реализацијата на ова патување. Нашиот неуспех поради недостиг на ресурси и подршка од државните институции би значело неуспех за Македонија, а не за Миле Стојкоски, затоа што ние колективно не успеавме да придонесеме кон реализација на една голема, но многу реална и возможна визија за нашите сограѓани со хендикеп. Да не дозволиме ова да се случи и позитивно да се фокусираме ова патување да ја промовира Македонија како уникатен бисер, достоен и вреден придонес кон европското семејство на развиени држави. Посакуваме и ги повикуваме сите државни институции да помогнат во рамките на своите можности за ова патување да се реализира што е можно поуспешно.

## 3. Метод на реализација 

Најважната мисија во контекст на нашиот проект е остварувањето на генералната цел: *подобрување на квалитетот на живот на лицата со хендикеп во Македонија.*

Инструмент на реализирање на генералната цел на овој голем и хуман проект е формирање на фонд за собирање на парични средства. Фондот ќе биде наменет за лицата со инвалидитет, кој гледано во светски рамки и тоа како им е потребен, како за лекување и рехабилитирање, така и за материјална поддршка. Ние веруваме дека европскиот свет е хуман и може тоа да го докаже преку помошта што ќе им ја овозможи на лицата со инвалидитет. А шансата да го направат тоа им е нашиот проект.

Од Олимпијадата во Лондон не делат 1180 денови и 6 држави кои треба да се патуваат во маратон од 3.000 км. Олимпијадата почнува на 27 Јули 2012 г. и трае до 12 Август 2012 г. понатаму проследена со Параолимпијадата (29 Август – 9 Септември 2012 г.). Миле Стојкоски со својата инвалидска количка ќе минува 50 км дневно во просек и неговиот маратон ќе трае 150 дена со вклучени денови за активности во градовите кои се посетуваат низ државите: Србија, Хрватска, Словенија, Италија, Франција и Англија.

Патувачкиот тим координиран од логистичкиот центар во Скопје ќе ги посетува сите релевантни организации, компании, институции и поединци кои работат за подобрување

на животот на лицата со хендикеп во Европската Унија и пошироко во светот. Нашиот тим ќе контактира и воспоставува иницијална соработка за понатамошни иницијативи и проекти за помош на лицата со хендикеп во Македонија. Независно дали ќе обезбедиме подршка финансиска, техничка или едукативна од организациите, институциите и компаниите кои ги сретнуваме на ова патување, сите идни активности кои ќе произлезат од воспоставената соработка се во цел за подобрување на квалитетот на живот на хендикепираните лица во Македонија. Нашето патување до Олимпијадата во Лондон 2012 г. ќе значи не само голема промоција на Македонија како дел од Европа и наскоро дел од ЕУ, туку и значително лобирање за формирање на фондови за помош на лицата со хендикеп од странски финансиери. Од ова патување ќе вратиме дома значајно искуство за начинот на кој државите од Европската Унија се грижат за своите граѓани со хендикеп и да правиме идни напори таа европска реалност да биде и наша во Македонија. Во Европската Унија фондови за таа намена постојат, странски партнери ќе се обезбедат, особено затоа што интересот нивен е голем за да се градат рехабилитациони центри кај нас за нашите и нивните граѓани, како и да се придонесе кон подобрување на условите во постоечките центри во Македонија. Нашите актуелни европски контакти ни укажаа дека од нас како Македонија се очекува да го организираме ова патување да се одвива ефикасно, без потешкотии, со што е можно повеќе средби низ европските држави, да се стигне на целта во Лондон и со тоа да ја покажеме нашата сериозност за соработка со идните европските партнери.

Додека креативниот тим на светските компании ги градат стадионите, салите и сите други капацитети во Лондон, паралелно со нив нашиот тим се подготвува за патот да отпочне. Секоја од следните 3 години ни е предвидена да има патувања како подготовки за патувањето до Лондон 2012 г. Дел од дестинациите кои планираме да бидат се Атина, Загреб, Анкара, Берлин и Рим, со што патувањето до Атина би било во втората половина на 2009 г. а другите четири патувања ќе се случуваат по две во 2010 г. и 2011 г. Следната 2012 г. веќе ја освојуваме Европа и стигаме до Лондон!

Најважно од се е што проектот е проследен со повеќе настани кои ќе бидат од голема значајност за промоција на самиот проект и зголемување на фондот за помош на лицата со инвалидитет. Имено, проектот е проследен со посети на влијателни луѓе во секоја земја низ која ќе патуваме и соработка со тамошните олимписки комитети и собирање средства кои му се потребни на хуманитарниот фонд за подршка на лицата со хендикеп во Македонија.

За промоција на проектот ќе се користат неколку вообичаени инструменти и средства за подигање на јавната свест - промотивни материјали, видео записи од патувањето, слики кои потоа ќе се искористат за снимање на документарен филм.

- Овој проект е од отворен карактер и е подложен на измени во текот на неговото реализирање, а е воден од основните цели, рамки на активности и други спецификации наведени тука. Оваа проектна документација ќе биде повремено ревидирана зависно од измените кои настануваат во планираните и реализираните проектни активности и партнерите кои ќе го подржат проектот, а сето ова е неопходно поради есенцијалната намена на проектот континуирано да собира средства за отворениот фонд за помош на лицата со хендикеп во Македонија. Но измените нема во никој случај да се однесуваат на основните хумани цели на проектот и целната група за која е наменет.

## 4. Цели на проектот

**Лондон 2012**

**Генерални цели:**

- Подобрување на квалитетот на живот на лицата со хендикеп во Македонија.
- Промоција на Македонија како дел од европското семејство на развиени држави.

**Поединечни цели:**

1) Основање на фонд подршка на лица со хендикеп во Македонија во нивниот здравствен, социјален, економски и едукативен развој.
2) Поткревање на јавната свест за потребата од соодветен и еднаков третман за сите прашања што ги засегаат лицата со хендикеп во Македонија.
3) Иницирање на проекти за вработување на работоспособни лица со хендикеп или за вработување на невработени членови на семејства со неработоспособни лица со хендикеп.

## 5. Целна група

**Лондон 2012**

Примарна целна група на овој проект се лицата со хендикеп во Македонија затоа што проектните активности се во функција да мотивираат за тие лица да бидат проактивни членови на својата заедница и да водат богат социјален, економски и културен живот.

Секундарна целна група се сите институции, организации, компании и поединци од развиените држави членки на Европската Унија да придонесат кон подобрување на состојбите кај лицата со хендикеп во Македонија преку соработка на проекти и придонес кон фондови за таа намена.

## 6. Организациска структура

**Лондон 2012**

Во реализација на овој проект учествува тим поделен на две единици – патувачки тим и логистички тим.

Пред се мора да наведеме дека тимот кој патува е составен од одговорни членови кои се свесни за она што треба да се реализира од секој од нив индивидуално и она што ги очекува. Исто така се спремни за долготрајна тимска работа. Тие самите сметаат и се сигурни дека треба и ќе ги исполнуваат своите задачи свесно и професионално, без разлика на препреките на кои може да се наиде.

Исто така значајна е професионалната улога на логистичкиот тим од Македонија, кој ќе ги води сите надворешни операции и контактирање со странските амбасади, органзиации, институции, компании и сл.

Тимот е составен од следните членови:

Проект координатор: Миле Стојкоски

Проект асистент: Драган Ванчоски

Логистичка подршка:
- Владимир Пандовски (менаџер)
- Далибор Димитровски (администрација)
- Даниел Ангеловски (ИТ подршка)
- Александар Станоевски (ИТ подршка)
- Горан Тасески (физиотерапевт)
- Жаклина Стојкоска
- Билјана Стојкоска

## 7. Активности

Лондон 2012

| **Период** | Активности |
|---|---|
| Септември - Октомври 2009 | Маратон до Атина, Грција<br>Овој тренинг, покрај тоа што ќе има за цел да се извршат кондициони подготовки на проектниот тим, истиот ќе биде искористен и за тестирање на целокупната опрема и тимот вклучен во реализацијата на проектот. За време на ова патување ќе бидат согледани пропустите и проблемите на кои се наидува за време на практичната изведба на проектот, а тоа ќе овозможи и нивно навремено откривање и корегирање. Особено е значајна пораката која ќе се упати до јавноста за решавање на политичките прашања како спорот за името во политичките институции без конфликт и омраза помеѓу граѓаните на овие две соседски држави. |
| Април - Мај 2010 | Маратон до Загреб, Хрватска<br>Покрај целта да служи како кондициона подготовка за Лондон 2012 г. оваа посета на Загреб ќе вклучи состаноци и отварање на соработка со организации, институции, компании и поединци кои можат да придонесат за подобрување на состојбите кај лицата со хендикеп во Македонија. |
| Септември - Октомври 2010 | Маратон до Рим, Италија<br>Покрај целта да служи како кондициона подготовка за Лондон 2012 г. оваа посета на Рим ќе вклучи состаноци и отварање на соработка со организации, институции, компании и поединци кои можат да придонесат за подобрување на состојбите кај лицата со хендикеп во Македонија. Во дел од посетите ќе биде и средба со неговата екселенција, Папата на Католичката црква. |
| Април - Мај 2011 | Маратон до Берлин, Германија<br>Покрај целта да служи како кондициона подготовка за Лондон 2012 г. оваа посета на Берлин ќе вклучи состаноци и отварање на соработка со организации, институции, компании и поединци кои можат да придонесат за подобрување на состојбите кај лицата со хендикеп во Македонија. |
| Август - Септември 2011 | Маратон до Анкара (плус Истанбул и Измир), Турција<br>Покрај целта да служи како кондициона подготовка за Лондон 2012 г. оваа посета на Турција ќе вклучи состаноци и отварање на соработка со организации, институции, компании и поединци кои можат да придонесат за подобрување на состојбите кај лицата со хендикеп во Македонија. Позитивното искуство од посетата во 2008 г. на тимот кој патуваше низ цела Турција и бројните покани за повторна посета и почнување на соработка, не охрабри да ја вклучиме Турција како дел од нашата агенда за проектот “Лондон 2012“. |
| Декември 2011 – Јануари 2012 | Последни припреми пред главното патување<br>Спремање на сите потребни документи, логистичка опрема, ресурси, организирање на екипата за патување и т.н. |

| | |
|---|---|
| Април – Јули 2012 | **Тргнување и патување на караванот од Лондон, Англија**<br>Караванот го предводи Миле Стојкоски, маратонец во инвалидска количка од Прилеп. Караванот минува низ 6 земји со вкупна должина на патот 3.000 км.<br>По пат планирани се средби со сите Олимписки комитети и Здруженијата на лица со хендикеп и запознавање со нивните локални проблеми. Секое влегување во населено место е проследено со различни настани (свечен дочек од страна на локалните власти, средба со влијателни луѓе).<br><br>Патувањето има континурана подршка од сопствен меѓународен медиум - веб страната www.milestojkoski.com . |
| Јули – Август 2012 | **Олимписки игри - прием**<br>Пристигнување на караванот пред портите на олимпискиот стадион, влегување и поминување на почесен круг по атлетската патека. |
| Август – Септември 2012 | **Параолимписки игри - прием**<br>Посета на разни настани од параолимписките игри, средби со релевантни членови на организаторот, компании спонзори и претставници на меѓународни организации. |
| Септември - Октомври 2012 | **Маратон до Ларн, Северна Ирска**<br>Посета на еден од најразвиените градови на Ирскиот остров и прием кај градоначалникот на Ларн за да се разговара за идна соработка на градот, неговиот бизнис и граѓански сектор со Фондот за подршка на лицата со хендикеп во Македонија. |
| Октомври 2012 | **Враќање на караванот кон Македонија**<br>Патувањето се одвива по друга релација. Планирана е посета на други земји од Источна Европа и средба со тамошните влијателни политички и бизнис лица и собирање на средства за фондот. |
| Ноември 2012 | **Евалуација на состојбите**<br>Истражување на состојбите на лицата со хендикеп во Р. Македонија изведено на национално ниво од ИКЦ Питер Ф. Дракер и неговите партнери (Универзитет Кирил и Методиј - Институт за Социологија, Завод за Статистика на РМ, Светска Здравствена Организација, Министерство за здравство и Министерство за социјална работа). Издавање на статистички и аналитички извештај како резултат на истражувањето. |
| Јануари – Март 2013 | **Организирање на фондот**<br>По враќањето во Македонија, се сублимираат собраните средства во фондот и врз основа на изведеното истражување се прави 4 годишна програма за работа на Фондот и се свикува конзорциум на донатори за располагање со средства и се формира ново правно лице – Фондација за подршка на лицата со хендикеп. |

| | |
|---|---|
| Април 2013 | Иницирање на проекти<br>Формираната фондација ќе иницира и подржува проекти кои придонесуваат кон главната цел, подобрување на квалитетот на живот на лицата со хендикеп во Македонија. |

## 8. Очекувани резултати

Лондон 2012

1) Овој проект силно ќе влијае врз поткревањето на јавната свест на луѓето, не само за позицијата, третманот и условите во кои што живеат инвалидизираните лица, туку и во смисла на растење на оваа популација во “класа за себе“ , припадници на заедницата свесни и уверени во можноста активно и продуктивно и рамноправно да партиципираат во сите општествени и социјални сегменти, давајќи максимален придонес од интерес за севкупната заедница.

2) Собирање на што е можно повеќе средства во фондот и нивно наменско искористување за изградба на објектите

3) Пренесување на пораката на Олимписките игри за хуманост. Таа ќе биде слушната преку сите светски медиуми кои ќе ги пренесуваат олимписките игри, што ќе биде и значајна промоција за Р. Македонија.

4) Целиот овој проект со каузална поврзаност на многу цели, всушност ќе биде поттик и катализатор, а истовремено и показател и резултат на зајакнувањето на движењето на лицата со хендикеп, во еден реален, хомоген и единствен глас како израз, заеднички именител на интерсите, правата и потребите на сите лица со хендикеп.

## 9. Одржливост на проектот

Лондон 2012

Одржливоста на овој проект се вреднува од финансиски и од општествен аспект. Финанскиската страна е таа што ги оправдува заложбите, каузалната и добронамерна искористеност на средствата собрани во тој фонд. А и општествената улога не е мала. Со тоа ќе се постигне едно позиционирање на лицата со хендикеп во заедницата, особено во процесот на донесување на одлуки и зачувување на нивниот дух и себепочитување без разлика на нивниот инвалидитет.

## 10. Мониторинг и евалуација

Лондон 2012

Мониторингот ќе се врши од страна на административниот (логистички) тим за патувањето кој ќе ги известува донаторите и помагателите, како и медиумите за текот на имплементацијата на проектот “Лондон 2012“ со изготвување на извештаи.

## 11. Буџетска рамка

Лондон 2012

Фондот за подршка на лица со хендикеп е од отворен тип и се реализира по пат на донации на финансиски средства на жиро сметките на НВО Хуманитарна организација ВЕНЕРА или преку нефинансиска донација (спонзорства преку разни производи, деловни и технички услуги и сл.). За располагањето со контиуунирано собираните средства и нивното трошење за целите на проектот "Лондон 2012", ХО Венера сноси полна одговорност и дава извештаи по барање на донаторите.

По завршувањето на патувањето до Лондон (Јули 2012), организацијата и нејзините партнери ќе ги организираат средствата кои се собрани во периодот од 2 години и ќе се иницира формирање на ново правно лице - Фондација за подршка на лица со хендикеп, во чиј управен одбор би биле најзначајните партнери и релевантни лица, институции, претставници на компании и НВОи за ова сфера на работа. Работењето со собираните средства преку вакво правно лице - Фондација и со подршка на конзорциум на донатори, водени од стабилна и стратешки издржана 4 годишна програма, ќе обезбедат изградба на бројни инфраструктурни капацитети за лицата со хендикеп во Македонија и при тоа ќе работат ефикасно, ефективно и одржливо според сите светски стандарди.

Проектот "Лондон 2012" има потреба од 4 годишно финансирање од континуиран карактер заради ефикасна реализација на припремите за секоја година. Следната табела ги содржи генералните квоти на трошоци неопходни за реализирање на проектот "Лондон 2012".

| Активност | Износ | Забелешка |
|---|---|---|
| Подготовки 2009 | 15.000 евра | Патување до Атина, Грција |
| Подготовки 2010 | 30.000 евра | Патување до Загреб и Рим |
| Подготовки 2011 | 30.000 евра | Патување до Берлин и Анкара |
| Патување 2012 | 45.000 евра | Патување до Лондон и Ларн |
| Вкупно 120.000 евра за период од 4 години | | |

## 12. Дополнителни информации

Лондон 2012

Дел од парите донирани во фондот на самите донатори може да им се искомпензира со рекламен простор на самите возила или со брендирање на членовите (капчиња, маици, техника, производи, итн.)

А и спонзорите можат да добијат онолку простор колку што мислат дека му е доволен, но сразмерно на просторот треба да уплатат и средства во фондот настрана од просторот за реклама. Сето тоа за благородната кауза што може повеќе да им се помогне на инвалидизираните лица и овој проект да ја оствари својата примарна цел.

## Последна ревизија на проектот

Дата: 27 Април 2009 г.
Ревизор: Владимир Пандовски
Измени: - надополнување на листа на партнери на проектот,
- допрецизирање и дополнување на проектни активности
Измените ги одобрил: Миле Стојкоски